Бр: 03-127/2
Скопје: 19.07.2022

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-930/1 од 17.06.2022 година (Наш број 03-127/1 од 20.06.2022 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 19.07.2022 година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Најавата за истражувачки проект на Друштвото за производство, трговија и услуги ВАН ХООЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден кој се однесува на индустриско истражување во рамки на одделение за индустриско истражување и за развој на нови возила и значително подобрување на механичките, електричните и софтверски решенија за производство на автобуси и комерцијални возила е во согласност со Законот за контрола на државната помош и со Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/14), под услов вкупниот интензитет на помош која Друштвото за производство, трговија и услуги ВАН ХООЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден би ја добила како државна помош за индустриско истражување за реализација на истражувачкиот проект да не надминува 50% од вкупните трошоци за индустриско истражување. Притоа, давателот на државна помош треба да води сметка дека се исполнети условите од дефиницијата за индустриско истражување од член 3 (3) од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош, односно дека се работи за планирано или критичко истражување со цел стекнување на нови знаења и вештини за развој на нови производи процеси и услуги. Тоа подразбира создавање на компоненти како дел од комплексни системи, кои се неопходни за индустриско истражување, особено за генерички технолошка валидност, со исклучок на прототипи.

Во Барањето на Мислење бр. 13-930/1 од 17.06.2022 година наведено е дека Друштвото за производство, трговија и услуги ВАН ХООЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден ќе реализира инвестиција во висина од најмалку 533.000 евра како оправдани трошоци за индустриско истражување за истражувачкиот проект во подрачјето на Зоната. Детални податоци за проектот се содржани во планот доставен до давателот на помошта на 16.07.2021 година, а кој е составен дел на Барањето на мислење. Исто така, наведено е дека државната помош нема да надминува 300.000 евра. Согласно Предлог договорот за доделување на државна помош, државната помош ќе биде исплатена само доколку Друштвото за

производство, трговија и услуги ВАН ХООЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден го зголеми нивото на активности за истражување, развој и иновации, односно единствено доколку просечните оправдани трошоци за истражување, развој и иновации во перодот до датумот на завршување на проектот се за најмалку 40% над годишниот просек во периодот од претходните три години пред почетокот на проектот.

Во врска со најавата за истражувачкиот проект на Друштвото за производство, трговија и услуги ВАН ХООЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден, давателот на државната помош е должен да поднесе известување за планирано доделување на хоризонтална помош, согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош и Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојаната државна помош („Службен весник на РМ“ бр. 142/11).

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**